**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО**
***Одделение за внатрешна контрола***
**Бр. 31-1164/1**
**05/03/2012 година**
**С к о п ј е**

Согласно опсегот и критериумите од Петтогодишен план за 2012-2016 година за внатрешен аудит на вршењето на службени контроли со цел да се обезбеди проверка на работењето во согласност со законодавството за безбедност на храната и добиточната храна, правилата за здравствената заштита на животните и благосостојбата на животните на Агенцијата за храна и ветеринарство со кој се предвидува низа критериуми за извршување на внатрешниот аудит на подготовката и спроведувањето на официјалните контроли во Организационите единици во Агенцијата за храна и ветеринарство, Одделението за внатрешна контрола ја донесува следната:

# ЕДНОГОДИШЕН ПЛАН 2012 ГОДИНА ЗА ВНАТРЕШЕН АУДИТ НА ОФИЦИЈАЛНИ КОНТРОЛИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Согласно Петтогодишниот план 2012-2016 за внатрешен аудит, Едногодишен план за 2012 година за внатрешен аудит на официјални контроли на Агенцијата за храна и ветеринарство точно ги определат Организационите единици и временската рамка кога ќе се извршет внатрешните аудити.

Имајќи ги предвид приоритетите на Агенцијата за храна и ветеринарство, базирано врз информациите кои доаѓаат до менаџерскиот тим и можниот евентуален ризик од правилно и униформно имплементирање на позитивната легислатива, постапки, упатства и процедури, Одделението за

внатрешна контрола во 2012 година ќе изврши внатрешен аудит на официјалната контрола на Инспекциските места на граничните премини на Агенцијата за храна и ветеринарство.

Аргументите за ваквиот пристап се базираат на извршената анализа, пришто земен е предвид клучниот фактот дека Република Македонија е нето увозник на храна со што се зголемува ризикот за безбедна храна и нејзина контрола од нива до трпеза, како и заштита на здравјето на граѓаните, заштита на здравјето и благосостојбата на животните. Исто така во претходната година во делот на спроведувањето на официјалните контроли на Инспекциските места на граничните премини на Агенцијата донесена е секундарна легислатива која е апроксимирана со легислативата на ЕУ.

Од аспект на горенаведеното, во фазата на подготовка на аудит, ќе бидат направени интервјуа на тимот за внатрешен аудит со Одделенијата на централно ниво одговорни за програмирање на официјалните контроли и креирање и координација на политиките, со што ќе се помогне правилно и детално креирање на чеклистите за внатрешен аудит и ќе се придонесе за квалитетно и детално спроведување на внатрешниот аудит на официјалните контроли и соодветен аутпут.

По однос на ова, Одделението за внатрешна контрола го донесува Едногодишен план 2012 година за внатрешен аудит на официјални контроли на Агенцијата за храна и ветеринарство претставен заедно со подготвителната фаза во следниот табеларен приказ.

| бр. | Субјект врз кој се врши аудитот | Обем и критериуми на внатрешниот аудитот | месеци во 2012 година | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII |
| 1 | Државен ветеринарен инспекција на ГП | 1.Оперативни критериуми на АХВ<br>• *Организација и спроведување на официјалните контроли*<br>• *конфликт на интереси*<br>• *Транспарентност и доверливост*<br>• *Законско овластувања за извршување на службени контроли*<br>• *Државни службеници надлежниза спроведување на официјални контроли*<br>• *Опрема и потрошени материјали*<br>• *Контрола на инспекциски процедури*<br>• *(постапки)*<br>• *Извештаи и евиденција*<br>• *Оперативни методи и техники*<br>• *Земање примероци, мострирање и аналитички методи*<br>• *делегирани активности, обем и задачи*<br>2. Координација и соработка помеѓу службите на АХВ<br>3. Регистрација/одобрение на деловни капацитети за добиточна храна и храна за луѓе<br>4. Акција во случај на непридржување и санкции | ⇔ | | | | | | | | | |
| 2 | Држ. инспекција на ГП за храна од неживотинско п. | | ⇔ | | | | | | | | | |
| 3 | Државен ветеринарен инспекција на ГП | | ⇔ | | | | | | | | | |

**<u>ПОДГОТВИТЕЛНА ФАЗА,</u>**

Интрвјуа со Одделенијата на централно ниво одговорни за програмирање, законодавство, координација на работата на Инспекциските места на граничните премини на АХВ

Едногодишен план за внатрешен аудит на официјални контроли на АХВ

## ЕДНОГОДИШЕН ПЛАН 2012 ГОДИНА ЗА ВНАТРЕШЕН АУДИТ НА ОФИЦИЈАЛНИ КОНТРОЛИ НА АХВ

| *бр.* | *Субјект врз кој се врши аудитот* | *Обем и критериуми на внатрешниот аудитот* | *месеци во 2012 година* | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | |
| 1 | Граничен премин на Табановце | **1.Оперативни критериуми на АХВ**<br>• *Организација и спроведување на официјалните контроли*<br>• *конфликт на интереси*<br>• *Транспарентност и доверливост*<br>• *Законско овластувања за извршување на службени контроли*<br>• *Државни службеници надлежниза спроведување на официјални контроли*<br>• *Опрема и потрошени материјали*<br>• *Контрола на инспекциски процедури*<br>• *(постапки)*<br>• *Извештаи и евиденција*<br>• *Оперативни методи и техники*<br>• *Земање примероци, мострирање и аналитички методи*<br>• *делегирани активности, обем и задачи*<br>**2. Координација и соработка помеѓу службите на АХВ**<br>**3. Регистрација/одобрение на деловни капацитети за добиточна храна и храна за луѓе**<br>**4. Акција во случај на непридржување и санкции** | | ⇔ | | | | | | | | |
| 2 | Граничен премин Деве Баир | | | | ⇔ | | | | | | | |
| 3 | Граничен премин Богородица | | | | | ⇔ | | | | | | |
| 4 | Граничен премин Блаце | | | | | | | ⇔ | | | | |
| 5 | Граничен премин Ќафасан | | | | | | | ⇔ | | | | |
| 6 | Граничен премин Ново Село | | | | | | | | ⇔ | | | |
| 7 | Граничен премин Делчево | | | | | | | | | ⇔ | | |
| 8 | Граничен премин Меџитлија | | | | | | | | | | ⇔ | |
| 9 | Граничен премин Скопје, Аеродром Александар Велики | | | | | ⇔ | | | | | | |
| 10 | Граничен премин Охрид, Аеродром Апостол Павле | | | | | | | ⇔ | | | | |

*Спроведување на Едногодишниот план за внатрешен аудит на официјалните контроли на Агенцијата за храна и ветеринарство*

Едногодишниот план за внатрешен аудит на официјалните контроли на Агенцијата за храна и ветеринарство е со цел да се обезбеди проверка на работењето во согласност со законодавството за безбедност на храната и добиточната храна, правилата за здравствената заштита на животните и благосостојбата на животните на Инспекциските места на граничните премини на Агенцијата за храна и ветеринарство и Секторот за гранична инспекција за 2012 година.

Раководителот на Одделението за внатрешна контрола за секоја планирана активност ќе изготвува Извештај до Директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство.

Директор

Дејан РУНТЕВСКИ